# Менаџирање на повеќекратна дентална траума: приказ на случај

[1]Јасна Симоноска, [2]Ефка ЖабоковаБилбилова, [3]Весна Јуруковска Шотаровска, [3]Марјан Петков, [4]Елена Радеска, [5]Весна Трпевска

Вовед: Денталните трауми имаат висока преваленца, главно кај младите пациенти. Тоа доведува до појава на естетски, фонетски, социјални и функционални проблеми, како и појава на малоклузии кои можат да бидат минливи и трајни.

Цел: целта на овој клинички случај е да се прикажат некои последици од авулзија на траен заб, фрактура на алвеоларна коска и спроведената терапија.







Приказ на случај: 14-годишно момче ја посети Универзитетска стоматолошка клиника во Скопје, 2 дена по сообраќајна несреќа. На ртг.снимка и интраорално се забележа авулзија на максиларните трајни централни инцизиви (11, 21) со лацерации на мекото ткиво на гингивата придружени со фрактура на максиларната коска, зголемена луксација на 22, поради недостаток на алвеоларен гребен. Употребена беше цврста шина во која беа вклучени максиларните латерални инцизиви.





Во консултација со оралните хирурзи беше предложена терапија со премачкување на мекото ткиво со гел за побрза епителизација. Две недели по повредата секвелите беа отстранети. По 3 недели, шината беше отстранета, а забот 22 беше задржан во усната празнина без некоја поголема луксација.Пациентот беше пратен на оделот за ортодонција, каде му беше изработен ортонтски сплинт (22, 23, 24) за зачувување на забите и Hawley апарат со вештачки заби (11 и 21).

Заклучок: Потребен е мултидисциплинарен пристап, внимателно и континуирано клиничко следење на напредокот за позитивен исход од денталните трауми. Само на овој начин ќе постигнеме подобра естетика, функционалност и задоволни пациенти.